До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење во врска со тоа дали член на Совет во општина има судир на интереси да биде член на Совет за граѓански надзор во Собранието на Република Северна Македонија.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:

„(2) Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, **член на совет**, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител **и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија**, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа **се неспојливи една со друга**."

Согласно член 48 од Законот за следење на комуникациите е предвидено следното:

„(1) Советот е составен од претседател и шест членови кои ги **избира** Собранието на Република Македонија за период од три години, без право на повторен избор.
(2) Собранието на Република Македонија распишува јавен оглас за избор на претседател и шест членови од кои тројца се експерти и тројца се претставници од невладините организации (здруженија) од областа на заштитата на основните човекови права и слободи, безбедноста и одбраната.

(3) Претседател и член на Советот може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- во моментот на распишување на јавниот оглас со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен на образование,
- да има работно искуство од најмалку пет години во областа на правото, телекомуникациите, информатичките технологии, безбедноста и одбраната или пет години работно искуство во невладините организации од областа на заштитата на човековите права, безбедноста и одбраната.
(4) На претседателот и на членовите на Советот им следува месечен паричен надоместок, кој се исплаќа од Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија.
(5) Месечниот надоместок од ставот (4) на овој член во бруто-износ го определува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија и истиот не може да биде повисок од двократен износ од просечната исплатена нето-плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.
(6) За присуство на седница на Советот на претседателот, односно на член на Советот кој живее надвор од градот Скопје му следува и надоместок на патни трошоци во висина утврдена во членот 39 став (5) од овој закон.

Државната комисија известува дека вршењето на функцијата член на Совет за граѓански надзор во Собранието на Република Северна Македонија **е неспојлива со** вршење на функцијата член на Советот на општина како избрано лице на непосредните Локални избори 2025 година, согласно горенаведената забрана од член 44 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, доколку горенаведените функции се извршуваат во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 од  Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:  „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.“

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**